[illegible]

АРХИВ НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

## ОПЕРАТИВНА ЗОНА

На 17.V.една партизанска чета го блокира селото Гарниково и го држа скоро цел ден.Заробени се 5 пушки со који требело да биди снабдевена милицијата.Во селото е одржан успел политички митинг кој е претворен во сенародно веселије.Учителите во селото – бугари – се повикани да се вратат от каде дошле оти како такви се носители на бугарската окупаторска власт.Во тоа време партизаните идајат до сраженије со 30 полицајци који тргнале ф село да ја ограбат волната.Исполнати со големо одушевленије и поткрепени от народот,партизаните ги разбивајат окупаторските полицајци и ги натерувајат во панично бегање,Непријателот даде 3 мртви и 1 старшија ранет а от страната на партизаните нема ниедна жртва.

На 17.V.вечерта одржан е митинг во с.Дрогожел.И тука,партизаните беја дочекани от селаните со големо водушевленије.

На 18.V.една партизанска чета го напађа с.Бојанчиште.Поради поранешните акции,во селото се беше струпала војска,полиција и милиција.Иако бројот на непријателот беше многу поголем от снагите на партизаните,последниве влегувајат во борба.Милицијата се предава прва.На еден добар јуриш,кроз громки грмеж – Ураааа, – Напред Македонската војска,партизаните го натераја непријателот во панично бегање.После 40 минути борба,селото беше наполно освојено.После избркувањето на непријателот от селото,одржан е успел митинг.После тоа,на селаните им је поделено житото ограбено от окупаторската власт.Дури се одражавал митингот и делело житото,непријателот успејл да ги сконцентрира снагите и да го нападни пофторно селото.Во новостворената ситуација,партизаните биле приморани да се повлечат пред бројно поголемиот непријател.Непријателот изгубуват во борбата 8 полицајци и 1 војник убијани и мнозина ранати.Заробени се 1 шумар и 1 от милицијата,пленети 4 пушки и многу муниција,9 ћебиња,неколку чифта полицејски алишта и др.работи.За успехот на оваја акција,ће ги пуштиме селаните да кажат: "Сме гледале и сме слушале за храброст,ама вакква храброст и вакква сила до денеска не сме вишле,какви комити викајат?Воа е војска." "Селото се тресеше сето от грмежот кога партизаните викаја:Ураа,напред македонска војска...Старите со солзи радосници викајат:"Кога испаднале вакви синови,Македонија ће се ослободи сигурно!"А непријателот го зафанал смртен страф.Поразените војници и полицајци викале: "Није мислефне дека биле 100-200 души,но брате тоа ти биле илјадници. Ние не можем да се справим со тех".После оваја успешна акција на партизаните,-заплашени от одмаздата на народните борци,блгарските окупаторски чиновници во Кавадар беја застрашени толку,да се затвараја по туђи куђи потпирајки ги вратите со шифоњери и кревети.

На 25.V.една партизанска чета зароби два бугарска војника. Мајсторски,со помошта на овија два војника,четата нападна на два гранична поста и скоро без борба зароби 12 војника.Народните борци ги повикале војниците да стапат во нифните редови.Доброволно преминале на страната на партизаните еден старшија и еден војник, обајцата болгари.НА оваја акција пленети се от непријателот 12 пушки, 37 бомби,многу ранци,шаторски крила,чизми,шињели и др.

На 27.V. една партизанска чета цел ден го држела с.Дрогожел во својите раце.Одржани се конференции и спечалена една пушка.

на 3.VI.одржан е митинг во с.Праведник.На митингот,за грабежот и теророт над народот кој го врши окупаторот,говорел еден от селаните.Партизаните на лице место ја разделија волната на селаните, која му ја беше грабнато окупаторската власт.Селаните,радосни си ја земаја назад волната,от срце благодарни на својте заштитници.Со тоа, народот виде дека партизаните се народна војска.Заробен е 1 шумар. Во селото партизаните излепиле плакати со пароли.

Истиот ден одржан е успел митинг во с.Шешково.Во самото влегување,партизаните излепиле плакати со пароли.Партизаните се дочекани от селаните со:"Ураа","Да живејат Македонците","Да живеј македонската народно-ослободителната војска.Настанало гушкање на народот со партизаните.90годишните старци плакале от одушевленије и радост. Поделена е на селаните волната што им ја заграбила бугарската окупаторска власт.Запалена е архивата.Кај кметот се најдени и земени 5000 лева на расписка.Пошто партизаните попосле разбрале дека тија пари се собрани от селаните за објави,парите се вратени назад на селаните.Исто,от школото запленетите 2000 лв.биле поделени пак на селаните,који пари биле земени от истите за [illegible]

2355

ние веле оти правдата е со партизаните,"со ниф е господ","на ли се толку прави ќе победат"...

На 3.VI.одржан е исто така митинг во с.Драдња.При влегувањето на четата во селото,приметено е да натре има полицаји.Повикани се да се предадат.Полицајците то одбиваjат и се даваjат во бегање.За еден пол саат борба заробени се 2 полицаjци от коjи 1 ранет,2 шумара,1 агент, учител,пољак и пандур.Селото е освоjено.Одржан е успел митинг и разделена волната опљачкана от бугарските фашисти.Заробените се саслушани, осудени на смрт 2 бугари полицаjци и 1 шумар от Кавадар,а останалите се пуштени.На ослободените им беше наложено да ја напуснат службата слуги на окупаторот.Осудените на смрт се егзекутирани.Земен е голем плен:8 пушки,2 револвера и голем броj муниција.

На 4.VI. една чета го освоjила селото Галиште и го држала 1 ноќ и 1 ден.70 годишни старци ги дочекале партизаните со гушкање и солзи на очи.Одржан е успел митинг и излепено селото со плакати со пароли.

На 6.VI.одржан е митинг во с.Дрен и поделена волната на селаните заграбена от окупаторите.

На 6.VI.една чета одржа митинг во Голем Радобил,на коj дошле и селаните от Мало Радобил,Бидеjки била недела,сите селани се збрале на митингот.На сред село партизаните им ја разделиле на селаните волната от 900 кгр.Селаните немале думи за да им заблагодара на своjите заштитници.

На 18.V.партизаните/фтората чета/одржале митинг во с.Радња. При влегувањето в село е убиjан 1 шпиjун коj отворил оган на партизаните.На селаните им е поделено жито 2800 кгр.ограбено от окупаторите.Заробени се 2 митничари,разоражани и пуштени.Пленети се 3 пушки и 1 револвер.Селаните доброволно дале 7 пушки.Партизаните излепиле плакати.

Неприjателот попритиснат от Народно-ослободителните партизанските одреди,и скоро изгонет от планинските села,сконцентриса 3 полка и започна офанзива на партизаните.Офанзивата траjеше от 7 - 16 Jуни и заврши без успех.Партизанските одреди со маневрирање го избегнаjа ударо,излегоjа от таjа офанзива ojачани и прекалени.Неприjателот,победен, сета своjа дзверска крвожеднос е свали на населението,мислеjки да со крвав терор,палење,плачкање го застраши народот.По,тоj го постигна спротивното.Народот го доби спротив себе,така да сега имаме единство на Народно-ослободителната воjска и самиот народ.

## АКЦИJИ НА ОДРЕДОТ"ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"

На 8.VII една група партизани от одредот"Гоце Делчев"го ранила тешко чувениот крвник маjорот на пограничната воjска во с.Бистрица.Во престрелката убиjен е и 1 воjник по име Попето,прочуjан како десна рака на маjорот.Партизаните при акциjата покажале смелост,неустрашивост и успеjле да се пробиjат низ големите потери коjи биле во тоа време приредени во тоj краj.Осветничката рака на партизаните го осветуват народот за пљачката,теророт и дзверствата на фашиските грабачи што ги вршат над народот.Една група на одредот "Гоце Делчев" го заробила благаjникот на Велушката општина и кметот от Канино.При опитот на бегања,обаjцата се стрелани от партизаните .

2355

ПК КПМ АРХИВА

АРХИВ НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ